View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk

brought to you by CORE

provided by UGD Academic Repository

# КОНКУРЕНТНОСТА НА МАЛИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО УСЛОВИ НА ИЗРАЗЕНИ ГЛОБАЛИЗАЦИСКИ ПРОЦЕСИ

д-р Кирил Постолов[1], д-р Марија Магдинчева-Шопова[2]

*АБСТРАКТ*

*Глобализациските процеси претставуваат доминантен општествен феномен кој има влијание на сите аспекти од општествениот живот вклучително и претприемништвото и малите претпријатија како значаен економски сегмент. Истражувањето на конкурентноста на малите претпријатија преку анализа на заканите и можностите кои се јавуваат како резултат на феноменот глобализација, карактеристиките на претприемачот на 21-ви век, промената на претприемничнкиот модел и појавата на нови трендови во економијата и претприемништвото, само го потврдуваат фактот дека глобализацијата претставува неминовен процес кој бара малите претпријатија суштински и институционално да се прилагодат. Конкурентноста подразбира збир на активности преку кои континуирано се врши проверка на сопствените предности и меѓусебни односи со конкурентните претпријатија во окружувањето заради откривање на можностите кои претставуваат предност. Малите претпријатија постигнуваат состојба на конкурентско позиционирање преку постојано унапредување и зголемување на стекнатите предности но и преку создавање на нови, оригинални предности кои се различни од предходно стекнатите.*

*Во ова истражување ќе бидат користени методите на анализа на стручната литература за влијанието на глобализацијата на малите претпријатија и претприемништвото. Во истражувањето исто така ќе биде користен и синтетичкиот метод како и индуктивниот, дедуктивниот и компаративниот метод. Истражувањето поаѓа од констатацијата дека глобализациските процеси како едно од најважните обележја на тековното живеење кое се карактеризира со забрзан техничко-технолошки прогрес и забрзан развој на информациската и комуникациската технологија, претставуваат неизбежни процеси во кои малите претпријатија мора да се вклучат за да постигнат економски развој.*

*Целта на овој труд е да се елаборираат одредени работи поврзани за зголемување на конкурентноста на малите претпријатија во услови на глобализациска и економска интеграција. Изворите на конкурентската предност кај малите претпријатија може да бидат интерни и екстерни активности кои ги преземаат малите претпријатија преку соодветни стратегии за задржување на конкурентската предност придонесуваат за намалување на негативните ефекти од глобализациската интеграција.*

*КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: мали претпријатија, глобализациски процеси, конкурентност, претприемачи*

[1] Вонреден професор по Теорија на организација и Економика на претпријатие, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет Скопје, kirilp.eccf.ukim.mk

[2] Д-р, Фонд на ПИОМ,Гевгелија,marija.sopova@piom.com.mk